Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 19 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19 и 47/21), Советот на Општина Берово на 32-та седница одржана на 20.07.2023 година, донесе:

# О Д Л У К А

## За утврдување на висината на надоместокот за закуп на тезги и штандови за саемскиот дел на ЕТНО ПЛОШТАД ФЕСТИВАЛОТ 2023 година

Член 1

Манифестацијата ЕТНО ПЛОШТАД ФЕСТИВАЛ 2023 година и САЕМОТ МАЛЕШЕВИЈАТА НА ДЛАНКА ќе се одржи во периодот од 25.08.2023 година до 28.08.2023 година.

Член 2

Висината на надоместокот за закуп на тезга, закуп на штанд и сл. за овие денови е утврдена на следниот начин:

- Закуп на тезга за изложување на производи од домашно производство и рачно изработени ракотворби – **500,оо денари**
- Закуп на тезга за изложување на други производи со дозволена површина на користење до 2м$^2$ – **1.500,оо денари**
- Закуп на штанд (крофни, воз, трамболина и сл.) со дозволена површина на користење до 6м$^2$ - **4.000,оо денари**
- Закуп на тезги за скарации со дозволена површина на користење до 70м$^{2}$ – **20.000,оо денари**
- Закуп на штанд на Државна Лотарија на Македонија со дозволена површина на користење до 8м$^{2}$ – **7.000,оо денари**
- Закуп на штанд од страна на други правни лица – други изложувачи, со дозволена површина на користење од 8 м$^2$ до 10м$^2$ – **10.000,оо денари**
- Закуп на штанд со локација број 1 -**28.000,оо денари**
- Закуп на штанд со локација број 2 -**28.000,оо денари**
- Закуп на штанд со локација број 3 -**20.000,оо денари**
- Закуп на штанд со локација број 4 -**20.000,оо денари**

Прилог на оваа Одлука е и Графички приказ од наведените локации.

Член 3

Ослободени од наплата на надоместокот за закуп на тезга, закуп на штанд и сл. за овие денови ќе бидат лицата кои до 18 годишна возраст имале статус на деца без родители или родителска грижа, како и лицата со попреченост, кои при поднесувањето на барањето е потребно да приложат документ за докажување на статусот.

Член 4

Износот на висината на надоместокот се однесува само на периодот од 25-28 Август 2023 година, а за просторот кој ќе биде означен за секоја тезга или штанд посебно.

Член 5

Висината на средствата од член 2, лицата се должни да ги уплатат на име на Општина Берово, трезорска сметка 100000000063095, сметка на буџетски корисник 702014000263012, приходно конто 723913, програма 00, со назнака „уплата за користење на тезга/штанд“.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-2837/1
20.07.2023 година
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
с.р Марија Буровска